




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**12-18 јан 2026 Билтен бр. 618**

# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА СОСТОЈБАТА СО УЛИЧНИТЕ КУЧИЊА

**12.01.2026 Почитувани,**
**Општина Карпош Ве известува дека будно ја следи состојбата со зголемениот број на улични кучиња на наша територијата и од тие причини веднаш реагиравме до Град Скопје и ЈП Лајка со барање за заедничка соработка и решавање на овој проблем. Екипите од ЈП Лајка веќе се на терен на повеќе локации во општината при што се врши заловување и хуман третман на кучињата согласно процедурите и стандардите за благосостојба на животните.**
**Евидентно е дека бројот на бездомните кучиња во последните неколку денови е зголемен, па затоа, во соработка со Градот ќе работиме интензивно на изнаоѓање на решение за моменталната состојба, како и на трајно решавање на проблемот со уличните кучиња.**

## ИНФОРМАЦИЈА

**Во насока на зголемување на нивото на безбедност во претстојниот период, Општина Карпош континуирано ја следи ситуацијата на теренот и ги координира активностите на зимската служба која ја ангажираше за таа намена.**
**Во тој контекст е направена проценка на условите на коловозот низ Карпош, при што зимската служба секојдневно е присутна на теренот и презема конкретни активности фрлајќи индустриска сол по улиците. Фокусот е насочен кон повисоките населени места каде реално постои поголем ризик од замрзнување на патот по кој се одвива сообраќајот.**

**Општина Карпош и понатаму ќе ја следи ситуацијата и ќе остане присутна на теренот, со цел да овозможи безбедно и непречено движење на сите учесници во сообраќајот. Во оваа пригода, локалната самоуправа апелира до жителите за внимателно движење и почитување на препораките, а до граѓаните кои управуваат со моторни возила, да ги почитуваат пропишаните правила во сообраќајот и да користат соодветна зимска опрема.**



# АКЦИЈА ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДЕПОНИЈАТА КАЈ СЦ БОРИС ТРАЈКОВСКИ

**Општинските служби задолжени за хигиената на јавниот простор во текот на вчерашниот ден започнаа со расчистување на мини депонијата која се наоѓа во близина на СЦ Борис Трајковски. Оваа мини депонија веќе некој период несовесно се полни со шут и друг отпад и имаше тенденција да прерасне во сериозен извор на загадување, па оттука општината интервенираше и спроведува акција за нејзино расчистување, како и поставување на заштитна рампа која би спречила повторно депонирање на отпад. Воедно, инспекторатот од Општина Карпош будно ќе следи и превенира случаи на несовесно фрлање на отпад и истите ќе ги казнува согласно своите надлежности и законски прописи на целата територија на Општина Карпош.**



# РАБОТНА СРЕДБА НА ЛУКРОВСКИ СО САИТИ ОД ЦРВЕН КРСТ

**Во кабинетот на градоначалникот Сотир Лукровски, денеска, се одржа работна средба со Генералниот секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, Саит Саити. На состанокот се дискутираше за досегашните активности на Црвен крст Карпош и Одделението за детска, социјална и здравствена заштита, како и за долгогодишната соработка и многубројните реализирани проекти.**

**Неколку години наназад во Карпош се спроведува социјална услуга, помош и нега на домот со која се опфатени стари и изнемоштени лица, жители на општина Карпош. Имено, втора година по ред локалната самоуправа во координација со Црвениот крст, ја реализира активноста посебен превоз за стари и лица со попреченост. Долгогодишната соработка со Црвен крст беше од големо значење за жители од Карпош особено за време на корона пандемијата, како и помошта со храна на оние на кои им е најпотребна.**

**Во текот на наредниот период се очекува да се потпише Меморандум за соработка помеѓу Општина Карпош и Црвениот крст на РСМ.**

